Бр. 12-2304/8
20.11. год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) постапувајќи по пријава од познат подносител – физичко лице, Државната комисија за спречување на корупцијата на 24 -та седница одржана на ден 15 Ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријава бр. 12-2304/1 од 05.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – лицето ------------------ – -------------, ---------------- поранешен вработен во Министерството --------------------- со која се изразени сомневања и се посочува на злоупотреби на службената положба и овластувањата, СЕ ЗАПИРА поради непотврденост на сомневањата во конкретниот случај.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи/ нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2304 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2304/1 од од 05.04.2019 година.

Предметот со број 12-2304 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2304 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2304/1 од 05.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – лицето ---------------- – -------------, ---------------- порано вработен во Министерството ----------------------------.

Со пријавата се изразуваат сомневања и се посочува на злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица од Министерството за -------------------- вклучително и во постапката за престанок на работен однос на подносителот во ова Министерство по основ на исполнување на услови за -------------- и како што наведува – ----------- штета бидејќи, според тоа како и е изречен престанокот на работен однос и како според тоа подоцна ----------- утврден износот на -------------------- во пресметување на --------------------- поради што не го исполнил условот од ------------------- услов за остварување на право на ------------------------------.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а ги ценеше и наводите за одредени злоупотреби и сторени кривични дела од страна на службени лица во Министерството во ракувањето со финансиски средства за набавка на --------------------, за физички напад на подносителот од ------------------ и за незаконско и неосновано распоредување на -------------------, за време на траењето на работниот однос со оглед дека -------------- сознанија за наведените злоупотреби, на друго работно место.

MQS Partner of Quality Austria

Бр. 12-2304/8
20.11 год. 2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Имено, Државната комисија за спречување на корупцијата по однос на наводите за злоупотреби и сторени кривични дела од страна на службени лица во Министерството во ракувањето со финансиски средства за набавка на -----------------, за физички напад на подносителот од -------------- и за распоредување на друго работно место од причина ----------------- сознанија за наведените злоупотреби, утврди дека се тоа наводи за случувања за кои се нема потврда, дотолку повеќе што се однесуваат на дејствија од поодминати повеќе години и по однос на истите тоа подразбира истечен рок на застареност на евентуално сторените криминално коруптивни дејствувања, односно во делот на распоредувањето ---------------- на друго работно место - утврди дека се работи за постапување и постапка за распоредување на ------------ како вработен по однос на кои --------------- биле/се искористени сите правни средства против донесените одлуки од надлежните органи.

Поврзано со постапката за престанок на работниот однос на подносителот на пријавата по основ на исполнување на услови ---------------------- Државната комисија за спречување на корупцијата изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност и при тоа за утврдување на целосната фактичка состојба за истите презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации од Министерството за ----------------- во одговор на кое кај Државната комисија за спречување на корупцијата е примено писмено бр. 12-2304/5 од 15.07..2019 година со прилог документација, како и достава на барање до Основниот -----------------суд во ----------------- во одговор на кое е примено писмено бр. 12-2304/7 од 15.08..2019 година со прилог судски одлуки донесени во постапувањето на надлежните судови – ----------- бр. - ------------- на Основниот ------------- во --------------, --------- бр – -------------- на Апелациониот суд ----------- и Рев бр. ----------- на Врховниот суд на Република Македонија.

Од наведените одговори и од списите доставени од наведените органи – Министерството и судот, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во целината на случајот наводите од пријавата не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг или за причинување на штета од страна на службените лица од Министерството --------------, како и од избраните лица - судии од надлежните судови кои постапувале во конкретните предмети и одлуките ги донеле согласно со одредбата од Законот за судовите која пропишува дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 15 Ноември 2019 година под бр. 12- 2304/8**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Доставено до :
- Архива
- подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

